Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETEQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 09-1198/4
24.04 2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 58 став (1) и член 59 став (3) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021, 174/21 и 241/24) и Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/26), Министерот за локална самоуправа, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026

## Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за избор на проекти за финансирање на активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година со бр. 09-1198/2 од 15.04.2026 година.

## Член 2

Измените и дополнувањата се вршат на начин што во членот 1 на Одлуката после ставот (1), се додаваат нов став (2) кој гласи:

(2)„Составен дел од оваа одлука е Листата со избрани проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкуреност за 2026 година.“

## Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Министерството за локална самоуправа

**Образложение:**

Средствата наменети за проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година, се утврдени во Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 29/26).

Министерството за локална самоуправа, односно Комисијата за оценка на проекти ја спроведе постапката за прибирање и оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, пропишана во Законот за рамномерен регионален развој и Правилникот за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/21).

Врз основа на член 59 став (2) и став (3) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021, 174/21 и 241/24) и Извештајот од комисијата за спроведено оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година со бр.09-1198/1 од 14.04.2026, министерот за локална самоуправа изврши избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, од листата на позитивно оценетите проекти, која Листа е составен дел на извештајот од комисијата и донесе Одлука бр. 09-1198/2 од 15.04.2026 година со која се распределуваат **74,147,029** денари.

СредстваТА од член 3 став (1) алинеја 1 од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година се во вкупен износ од **74.840,000.00** денари. Од остатокот, на име нераспределени средства од Програмата во износ од **692,971.00** денари, со оваа одлука се распределуваат **692,917 денари,** во согласност со 58 став (1) од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2021, 174/21 и 241/24), при што остануваат средства од Програмата во износ од **54 денари**.

Во прилог на оваа одлука е изменета и дополнета Листа со избрани проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкуреност за 2026 година, како нејзин интегрален дел.

Бр. 09-1198/4
24.04 / 2026 г.

Министерство за локална самоуправа
Министер
м-р Златко Перински

Подготвил: Звонко Зафироски
Контролирал: Рената Стоилковска Даскаловска
Согласен: Андријана Стојановска
Одобрил: м-р Јулијана Павковска Боцевска

**ПРИЛОГ:**

| ЛИСТА<br>СО ИЗБРАНИ ПРОЕКТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ЗА 2026 ГОДИНА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Рб. | Подносител | Име на проектот | Вкупна вредност на проектот во денари | Сопствено учество или друг извор на финансирање во денари | Побарувана сума од МЛС во денари |
| 1 | Центар за развој на Вардарски плански регион | Подобрување на енергетска ефикасност и зголемување на регионалната конкурентност преку инсталација на фотонапонска електроцентрала на ООУ "Гоце Делчев", Свети Николе | 530,345 | 203,343 | 327,002 |
| 2 | Центар за развој на Вардарски плански регион | Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на регионалната конкурентност преку инсталација на фотонапонска електроцентрала на ООУ „Даме Груев" – с. Ерџелија, Општина Свети Николе | 362,343 | 35,344 | 326,999 |
| 3 | Центар за развој на Вардарски плански регион | Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на регионалната конкурентност преку инсталација на фотонапонска електроцентрала на ООУ „Кирил и | 498,125 | 171,126 | 326,999 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Методиј", Општина Свети Николе | | | |
| 4 | Центар за развој на Вардарски плански регион | Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на регионалната конкурентност преку инсталација на фотонапонска електроцентрала во ЈОУДГ „Рахилка Гонева" – клон 1, Општина Свети Николе | 802,400 | 475,401 | 326,999 |
| 5 | Центар за развој на Вардарски плански регион | Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на регионалната конкурентност преку инсталација на фотонапонска електроцентрала во ЈОУДГ „Рахилка Гонева" – клон 2, Општина Свети Николе | 487,694 | 160,695 | 326,999 |
| 6 | Општина Кичево | Реконструкција на резервоар за вода во с.Иванчишта | 1,593,829 | 0 | 1,593,829 |
| 7 | Центар за развој на Вардарски плански регион | Подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на регионалната конкурентност преку инсталација на фотонапонска електроцентрала на ПООУ „Лирија" – с. Долно Јаболчиште, Општина Чашка | 837,688 | 0 | 837,688 |
| 8 | Центар за развој на Источен плански регион | Воведување на мерки за ЕЕ и подобрување на просторните услови во образовниот процес преку доградба и реконструкција на ОУ | 4,701,503 | 101,503 | 4,600,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Синиша Стоилов во општина Зрновци | | | |
| 9 | Центар за развој на Југозападен плански регион | Опремување на ЈКП Дебрца | 2,693,410 | 1,099,410 | 1,594,000 |
| 10 | Општина Карбинци | Изградба на пешачка патека долж регионален пат Р2334 од с.Таринци до с.Карбинци Општина Карбинци | 9,844,310 | 5,344,310 | 4,500,000 |
| 11 | Центар за развој на Североисточен плански регион | Подобрување на енергетска ефикасност преку поставување на соларна фотоволтаична централа на кров на спортска сала Куманово | 5,286,235 | 661,235 | 4,625,000 |
| 12 | Здружение „БЛАГОСЛОВ" - Маврово и Ростуше | Ентериер на гостинска просторија во Гостински Палат - Бигорски Манастир | 3,084,189 | 0 | 3,084,189 |
| 13 | Општина Босилово | „Реконструкција на дел од локален пат од с. Бориево до с. Турново„ (од км 1+132,00 до км 0+460,00 - втора фаза ) | 6,993,444 | 3,433,444 | 3,500,000 |
| 14 | Општина Гевгелија | „Изградба на дел од улица „Павел Шатев 1 и улица Галилео Галилеј", Општина Гевгелија" | 9,965,222 | 4,982,611 | 4,982,611 |
| 15 | Центар за развој на Скопски плански регион | Набавка на мултифункционално возило за одржување на патна инфраструктура – општина Сопиште | 6,125,000 | 1,500,000 | 4,625,000 |
| 16 | Центар за развој на Вардарски плански регион | „Модернизација на комуналната инфраструктура во Општина Росоман за подобрување на квалитетот на живот и регионалната | 2,120,600 | 0 | 2,120,600 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | конкурентност“ | | | |
| 17 | Центар за развој на Пелагониски плански регион | Подобрување на енергетската ефикасност преку инсталирање на топлинска пумпа во ОУ Славко Лумбарковски во општина Новаци | 7,794,250 | 3,294,250 | 4,500,000 |
| 18 | Центар за развој на Југоисточен плански регион | „Подобрување на комуналните услуги во Југоисточниот плански регион преку набавка на возило за општина Валандово“ | 4,950,000 | 272,500 | 4,677,500 |
| 19 | Центар за развој на Полошки плански регион | Реконструкција на пат во населено место Неготино-Полошко до населено место Калиште, о. Врапчиште, во вкупна должина од L=846,51 | 11,292,252 | 6,614,752 | 4,677,500 |
| 20 | Општина Дојран | Подобрување на јавните комунални услуги и одржување на туристичката инфраструктура во Општина Дојран преку набавка на современа механизација | 4,000,000 | 0 | 4,000,000 |
| 21 | Општина Градско | Реконструкција на улица крак 16 во с.Виничани, општина Градско | 1,491,166 | 0 | 1,491,166 |
| 22 | Општина Демир Хисар | „Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“ | 5,215,600 | 1,715,600 | 3,500,000 |
| 23 | Центар за развој на Југозападен плански регион | Опремување на ЈКП Кале – Центар Жупа | 1,400,000 | 0 | 1,400,000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Центар за развој на Југозападен плански регион | Набавка на мини багер за ЈКП во Општина Вевчани | 1,626,000 | 0 | 1,626,000 |
| 25 | Општина Виница | Комунална механизација/опрема за подобри услуги – општина Виница | 4,642,193 | 642,193 | 4,000,000 |
| 26 | Општина Берово | Реконструкција на крак 1 и крак 2 на ул:„15 Корпус" во Берово | 2,677,646 | 535,529 | 2,142,117 |
| 27 | Општина Берово | Оградување и партерно уредување на дел од локален пат „Берово – Абланица" преку црвен брег - општина Берово | 443,539 | 88,708 | 354,831 |
| 28 | Општина Охрид | Набавка на мобилна опрема за одржување на канализациона линија | 1,500,000 | 0 | 1,500,000 |
| 29 | Општина Гази Баба | Изработка на основен проект за зафаќање на вода од Раштанска река | 1,000,000 | 0 | 1,000,000 |
| 30 | Општина Илинден | Изградба на локален пат до муслиманските гробишта и реконструкција на спортски терен во н.м. Миладиновци | 500,000 | 0 | 500,000 |
| 31 | Општина Крушево | Изработка на техничка документација за изградба на улици во населените места во општина Крушево | 1,200,000 | 120,000 | 1,080,000 |
| 32 | Општина Јегуновце | Реконструкција на пристапен пат од Р 1203 до Манастир Св.Константин и Елена, с.Вратница, општина Јегуновце | 5,020,331 | 4,327,414.00 | 692,917 |
| ВКУПНО: | | | | | 74,839,946 |